TITAN
CEMENTARNICA USJE

Цементарница "УСЈЕ" АД
Бр. 14-1317
4-07-2012 200 — год.
СКОПЈЕ

До

**Министерство за животна средина и**

**просторно планирање на Република Македонија**

**Управа за животна средина**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ
Примено: 04. 07. 2012
11 6742/1

**Предмет:** Барање за измена на А-дозвола за усогласување со оперативен план издадена на Цементарница Усје А.Д. Скопје

Почитувани,

Цементарница Усје А.Д. Скопје поседува А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 112402/1 издадена на 07.03.2011 година од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во периодот од поднесување на апликацијата за добивање на дозволата до денес нашата фабрика има реализирано над 85% од предвидените активности во Оперативниот план. Во рамки на Активноста бр. 11 – Воведување на алтернативни горива, досега ги имаме раелизирано следните подактивности:

- Изработка на предфизибилити студија за употреба на алтернативни горива во Цементарница Усје А.Д. Скопје;
- Доставени се писма за намери до Министерството за животна средина и просторно планирање за употреба на алтернативни горива во Цементарница Усје А.Д. Скопје (биомаса, неопасни фракции на отпад и RDF - преработени фракции на комунален отпад кои поинаку не може да се користат;
- Изработка на Студија за ОВЖС за алтернативни горива (биомаса, неопасни фракции на отпад и RDF);
- Јавна расправа за употреба на наведените алтернативни горива во Цементарница Усје

Врз основа на набројаните подактивности, Министерството за животна средина и просторно планирање ни достави Решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот „Воведување на алтернативни горива во Цементарница УСЈЕ“ број 11-1782/5 од 13.06.2012 година.

TITAN
CEMENTARNICA USJE

Согласно Законот за животна средина (Член 142, став 1), молиме Министерството за животна средина и просторно планирање да направи измени на А- дозволата за усогласување со оперативен план на Цементарница Усје. Планираниот обем на искористување на алтернативни горива на годишно ниво е 25.000 - 35.000 тони со максимална супституција на гориво од 25%-30%. Преглед на планирани алтернативни горива во Цементарница Усје А.Д. Скопје и обем на искористување на годишно ниво е даден во прилог на барањето.

Измените на дозволата ќе овозможат целосна реализација на проектот и заокружување на погоре опишаната активност од оперативниот план.

Покрај енергетските аспекти на проектот, истиот поседува исклучително важна додадена вредност за заштита на животната средина. Практичната имплементација ќе придонесе кон воспоставување на соодветен систем за управување со целните отпадни фракции и намалување на емисиите на јаглерод диоксид.

За сите дополнителни прашања во врска со овој проект, ви стоиме на располагање.

Прилози:

1. Решение за издавање на согласност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проектот „Воведување на алтернативни горива во Цементарница УСЈЕ“ во општина Кисела Вода во Скопје
2. Преглед на планирани алтернативни горива во Цементарница Усје А.Д. Скопје и обем на искористување на годишно ниво

Со почит,

Главен извршен директор

Борис Хрисафов

Цементарница "УСЈЕ" АД Скопје

ГРУПАЦИЈА ТИТАН

ЦЕМЕНТАРНИЦА "УСЈЕ" А.Д - СКОПЈЕ

ул. Првомајска бб, 1000 Скопје, Р. Македонија, Тел.: + 389 2 2782 500, Продажба: 2782 536, Факс: 2786 314